да се приброи и турското име Демир Исар (Железен Град). Денес е тоа име на место во Македонија. Порано таму постоел град по име Железнец. Тој град еден грчки извор од XIV век го забележал под име Сидерокастрон (Железен Град)[20]).

Во ова статија се наведени само некои поизразити апелативи што се употребени во нашата топонимија[21]). Како примери тие се корисни за согледување на развиеноста на феудалните односи и на рашириеноста на разни јазични влијанија на нашата територија. Материјалот може да послужи и при рекогносцирањето на теренот, односно за утврдување на местоположбата, обемот и староста на локалитетот.

*К. Пешров*

## БУРГ ТРИФЕЛС

## ПО ТРАГИТЕ НА ЕДНА ЛЕГЕНДА ЗА РИЧАРД ЛАВСКО СРЦЕ

Трифелс, познатиот бург на Средна Рајна, се чини, сé уште, како тогаш кога во него бил заточен Ричард Лавско Срце, преодолува на бурите и столетијата, можеби за возврат на старата звучна легенда што го има прославено.

Оваа легенда, навистина, како ниедна друга, доживеала обработки во сите уметнички форми. Треба само, патем, да се спомене дека осем „Пеењата на еден трубадур од Ремс" и Седен-Гретриевата опера „Ричард Лавско Срце", тука е и познатиот роман на Валтер Скот „Ајванхо" додека во најново време популарноста на легендата низ целиот свет ја пронесуваат бројните екранизирани верзии и драмски адаптации. Настојувањата во овие дела за романтичарско оживување на благородното и херојското кај Ричард Лавско Срце, и неговата несталнa, сурова и авантуристичка природа стануваат уште посфатливи, бидејќи на авторите им овозможуваат богата синтеза на една ричарска епоха со шароликостите на делечните патишта на Истокот и со настаните од Третата крстоносна војна.

Но не е само легендата извор на инспирациите за уметничките преработки. И самите историски факти од животот на Ричард Лавско Срце го ангажираат вниманието, со непрекинатата низа како инсценирани настани.

Се чини дека Ричард е роден во значајно време, три години откако татко му Анри II Плантажене, суверен на плантаженетските поседи во Франција, стана и крал на Англија. Нема сомнение дека Ричард стана, судејќи според подоцнешните настани кои го исполнуваат неговиот кус живот, веќе во раната младост, дух немирен и амбициозен, проникнат

---

[20]) М. Динић, За хронологију Душанових освајања византиских градова. Зборник радова Византолошког института, књ. 4. Београд 1956, стр. 7.

[21]) Во ова статија не се наведени сите топоними како на пр.: Бора Кале (Битола), Леген Град (Т. Велешко и Тетовско), Туринско Кале (Сува Планина), Влашки Град (кај с. Манастир), Ченгене Кале (Малешево) и Ѓупско Кале (Мариово).

со вoља за остварување, и по цена на опасности и напори. Затоа, штотуку стана млад човек Ричард се дигна, со постариот брат Хенрих и некои на нив приврзани рицари,против татко си во желба да му ја одземе власта. Анри Плантажене го победи Ричарда, посредно го приклони да моли милост и благородно му го прости престапот.

Меѓутоа, незаузлениот дух на Ричард не извлече, од ваквиот крај, поука дека треба да се смири во очекување на настаните независно од неговите горливи желби. Напротив, ова како да го поучи Ричарда дека треба уште да се обидува. Ваквата претпоставка стана, со подоцната постапка на Ричард, историска стварност. Во жед за власт Ричард се здружи, не одбирајќи сојузник, со францускиот крал Филип II Август, стариот противник на Плантаженетите. Овој пат дружбата ја извојува победата над стариот Анри II, кој потоа набргу умре проколнувајќи го на умирањето својот син. На Ричард, меѓутоа, ништо не му пречеше подоцна, 1189 година, да се крунисa за крал на Англија, како Ричард I.

Но на разбудените амбициозни сништа на Ричард I не беше достатно достигнување да се биде крал на Англија и суверен на плантаженетските поседи, што заземаа, речиси, половина од Западна Франција. На Ричард му беа потребни настани во кои би можел да ѝ се противставува на судбината, настани што тој може да ги создаде, а можеби дури и желба за создавање на историја. Инаку несомнено дека тука имаше и елементи на борба за политички престиж со францускиот крал и германскиот император Фридрих I Барбароса.

За остварување на неговите амбиции на Ричард I скоро му се укажа, навидум погодна прилика. Тогаш, далеку негде на Исток, Саладин (Ал Насир Салах-ал-Дин Јусуф) ги уништи крстоносните војводства во Палестина и Сирија и го заземе Ерусалим. Требаше тогаш одново да се ослободува Христовиот гроб и таа света должност им падна во дел на краловите на Англија, Франција и Германија.

Вистинските настани пред походот наведуваат на претположба дека Ричард беше и фантаст, бидејќи за подготвување на својата војска ги продаваше крунските имоти, права и служби, а на крајот на походот заслужи само непријатели, противници, омраза, заточение и борба до погибија.

Почетокот на крстоносниот поход беше блескав како под звуци на светнати фанфари во 1191 година од Марсеј запловија 100 кораби со 8000 војници на Ричард I, заедно со војската на Филип II, додека по други патишта со иста цел одеа и војските на Фридрих I Барбароса. Крајот на овој така блескаво започнат поход беше тажен. Фридрих Барбароса умре на пат во Мала Азија, Филип II се врати набргу, по важна работа во Франција. Ричард Лавско Срце по многу вистински победи во Палестина мораше да се откаже од заземањето на Ерусалим, склучувајќи мир со Саладин.

Бидејќи тогаш беше во опасност Ричардовата кралска положба, во Англија заради акциите на помладиот брат Џон, Ричард решил брзо да се врати во татковината и со нескршлива волја да врати сѐ на свое место. Во тоа време гласницитеб рзаа во сите правци и по тој начин и Ричард Лавско Срце разбра дека Филип II и неговиот брат Џон се готват

да го затворат при неговото дебаркирање во Марсеј. Затоа Ричард, изменувајќи ги претходните планови, дебаркира во едно фриуланско пристаниште, во намера да патува преку Австрија и Германија.

Но тука, на овој пат, за кој Ричард беше уверен дека е посигурен, го чекаше непријатно изненадување. Австрискиот војвода Леополд I го зароби во декември 1192 година, предавајќи го во почетокот на идната година на германскиот император Хенрих VI. Проведувајќи во заточеништво повеќе од една година, Ричард Лавски Срце беше ослободен по голем откуп од 100000 стерлинги дури во февруари месец 1194 година.

Од овој настан, чии што сите детаљи не се во потполност утврдени како историски факти, фантазијата на средновековните пеачи создадоа легенда. Според неа, Хенрих VI го заточи Ричарда во најдобро чуваниот крунски бург на Хохенштауфенските поседи — Трифелс. Се чини дека Ричард Лавско Срце престојувал во бургот, уживајќи статус на рицарско заложништво, откако претходно дал рицарски збор дека нема да ја користи можноста за ослободување со бегство. На тој начин секако стекнал предност на слободно движење во бургот, сообразно на своето потекло и кралски права. Но и инаку од бургот би било невозможно да се побегне,нити пак некој однадвор би можел да му помогне, поради непристапност.

Самиот факт дека еден император можел така да постапи и да бара откуп, не е многу зачудувачки, бидејќи е тоа уште XII век време на недостатно развиена култура на човечки односи. Познато е, имено, дека девеесетина години порано францускиот крал Филип I, ограбил италијански трговци што патувале на некој саем. Суровоста во меѓусебните човечки односи беше оправдана со правото на посилниот и остануваше неказнета. Самиот Ричард Лавско Срце позволуваше масакр на градските жители во заземените градови во Палестина. И заради тоа не е ни најмалку чуден сплетот на ваквите настани околу Ричарда и неговото стрпливо чекање на откуп во бургот.

Легендата раскажува дека трубадурот Блондел го барал својот крал и господар насекаде додека најпосле го нашол. Овој дел на легендата има вистинска основа макар да е многу послободно разработен. Блондел, имено, не требал да бара по илјадниците бургови ширум Франција или Германија, ами само во земјите на германскиот император, бидејќи тој бараше откуп. Би можело дури и да се претпостави дека овој верен трубадур и не можел да знае во која германска земја и во кој од стотината бургови може да се најдува неговиот крал Ричард Лавско срце, но фактите зборуваат поинаку. Имено, според оновременските феудални општествени норми, а уште повеќе според подвоеноста на стопанските интереси меѓу сувереност и вазалите, можеше да биде јасно дека Ричард е само во еден од дваесетина Хохенштауфенски бургови во тогашниот Палатинат.

Средновековните пеачи беа добродојдени во секој бург и дворец како помодни забавувачи на она време, та така и Блондел со леснотија беше примен во Трифелс. Убавата легенда раскажува дека Ричард Лавско Срце одговорувал на секоја строфа Блонделова со наредната строфа

од кантатата што заеднички ја спеале и така Блондел најпосле успеа да го пронајде својот господар и крал.

Би можело да се каже дека останалиот дел од работата околу ослободувањето на Ричарда бил, речиси, некаков деловен договор со емисари и посредници, се до исплатувањето на откупот. Но фактот дека се работи за така необичен дух, каков што е Ричард, и многу познат по Третата крстоносна војна, и даде полет на легендата што ги подигна ликовите во занимливите сфери на, речиси, безгрижна романтика.

Изворот на сите подоцнешни легенди, го најде местото на настаните длабоко во шумите на Харт, во средновековниот Палатинат, сега во географскиот триаголник меѓу Рајна, Мозела и француската граница. Денес од Манхајм, преку Рајна, низ градовите на денешниот Рајн Пфалц Лудвигсхафен и Ландау патот води до градчето Анвајлер, а од таму под многу брда и низ долини со столетни шуми, додека наоколу се нижат купести брегови со спилести врвови — идеални места за бург од кој велможот би можел да си ги надгледува своите поседи. На таков еден спилест врв, на брдото Зоненберг се надзираат од далеку линиите на Трифелс, со соседните стражарски кули Анебоз и Шарфенберг.

Веројатно дека некогаш на Блондел му било тешко искачувањето по тесниот и виулест шумски пат нагоре. Сега се искачуваат колони автомобили по широкиот асфалтиран пат, покрај чести флуоресцентни светилки, до под самото подножие на спилата што пеесетина метри се крева право угоре в небо. Тешко е да се претположи дека претставниците на туризмот не би го продолжиле асфалтираниот пат се до самиот бург, кога тоа навистина и би било можно во самата стена и со онаква нагорнина што одвај може да ја совлада и коњаник. Вака е останата онаа иста средновековна стрма патека до единствената врата на бургот меѓу бедемот и кулата висока дваесетина метри.

Системот на заштита на овој бург е потполн, така што и кога патникот ќе помине низ првата врата пак излегува на отворен простор, под окото на многуте стражарски места.

Патот натаму води по скалите, издлабени во спила, на двата предни двора, одделени со ѕидови со јаки врати. Дури по таквиот пат новодојдениот, пред кој се отвораат сите врати, е примен во безбедноста на внатрешниот двор.

Дваесетина скали по овој прв приемен двор и патникот веќе се наоѓа пред вратата на дворецот што се чини уште посигурна од претходните во заштитните ѕидови. А како заканување на секој недобронамерен патник, високо на работ на фасадата на дворецот, е низа градобрани што во современите услови биле несомнено застрашувачки.

Кога денес патникот ќе застане пред овие ѕидови, историските реминисценции на Ричард, Блондел и Хенрих VI и нивниот живот овде навираат сами. Тажно мора да било ова обитувалиште на Ричард Лавско Срце, навистина. Тоа ни сега не е ништо помалку такво, иако тагата и возбудите на еден романтичерски прекроен среден век треба одново да ги доживеат илјадниците посетители, што спомогнати од визиите на театарот и екранот треба со имагинација да ги оживеат сликите на одамна исчезнатиот живот во средновековниот дворец.

Самата зграда, владеачки дворец на Хохенштауфените, е многу постара од значајните настани во XII век. Некаде во почетокот на XI столетие Конрад II го заменил стариот дрвен дворец со оваа камена градба. Дворецот набрзо влезе во историјата и се споменува во хрониките 1081, 1113, 1115 и натаму во годините на Фридрих Барбароса и подоцна сé до најновото време.

Градбата е соѕидана од два големи дела од потемнети квадери на бунтсандштајн — црвенушкаво обоен цврст песочник. Триесетина скали што водат кон високиот главен влез се настануваат и во самата зграда низ нивото на визбите на дворецот, затоа што дури на височина од 5 метри почнува нивото на пониските одаи, што се заради конструкцијата на осигурени ѕидови, скудно осветлени со тесни процепи наместо прозорци.

Скали на повеќе места водат со тесни завоити спирали до првиот кат, каде што во северниот блок е големата кралска дворана со двокатна галериска конструкција. Од партерот на големата сала се искачуваат широки скали на галерија која што — разделена со столбови со декоративна пластика — чини достоен простор за принцезите и дворските дами при големите свечености. На катот во јужното крило се кралските одаи до кои се доаѓа низ долги и во повеќе нивои пресведени камени ходници. На катот со галеријата се исто така бројни одаи затворени со убаво зачувани тешки дрвени врати.

Досега, се разбира, не можеше да дотрае автентичната средновековна мобила, та ѕидовите на одаите со мрачните камени комори изгледаат како стравична сцена на напуштен дворец. Но дворската капела, што се најдува на истиот кат, како историски трезор на Хохенштауфените дава поинаков изглед во внатрешноста. Тука се, меѓу другите значајни предмети и круната украсена со бисери и скапоцени камења, скиптарот и кралското јаболко на Конрад II од 1030 година.

Особено привлечно изгледаат камените клупи на внатрешната страна на прозорците во одаите, од кои можеа средновековните дами со саати да гледаат на ридовите и на патот во долината на реката Квајх, што водеше од кралскиот град Шпајер кон Париз.

Кога возбудениот посетител би можел сега за час да заборави на стварноста и во тој момент да се пренесе со мислите во оние осончени дни, би можел со имагинација можеби да ја долови, сликата на тогашниот живот: дами со рачна работа седат по банковите во тих разговор, принцови во живописни облеки и верижни оклопи и тажното лице на Ричард Лавско Срце во очекување на слободата. Но тоа сега е навистина невозможно, затоа што истото безуспешно го обидуваат илјадници посетители желни за културни емоции. Невозможно е живо да се имагинираат старите настани, затоа што секојдневните обврски им ставаат во должност на стотини да зборуваат гласно или да го изразуваат своето восхитување, додека чекорите многукратно одекнуваат во просторот на резонантните камени сводови.

Сега е невозможно овде повторно да се доведе Ричард Лавско Срце и заради тоа што во неговиот бурен живот ова заточување беше само една тажна етапа. По ослободувањето од Трифелс Ричард побрза

во Англија, за да ги среди приликите околу кралската власт. Наскоро, одкако ги предаде управните дела времено на Кентерберискиот архиепископ, Ричард I почна борба на територијата на Франција против Филип II, кој му ги загрозуваше француските поседи.

Војната што траеше долго ги исцрпи Ричардовите кралски богатства и заради тоа требаше да се пронајдат нови финансиски средства. Во тоа време Ричард I разбра дека во замокот Сали, кај Лимож, е пронајдено некакво подземно богатство и затоа реши да го опсади замокот до предавање. Тука, меѓутоа, му беше крајот. Во опсадните борби стрелецот Бертран д' Гурдон го рани со стрела Ричарда од што Ричард умре 1199 година.

Така изненадно престанаа Ричардовите борби за остварување и неговите постојани стремежи, а сите цели наеднаш станаа безвредни. Но исчезна исто така и целиот жив свет на неговите настојувања; ишчезнаа и луѓето што пречеа на остварувањето на неговите амбиции. Со чудна игра на судбината во само две децении умреа актерите на големите настани. Ричардовиот брат Хенрих, учесник во заверата, умре 1178 година, а неговиот татко 1188 година. Фридрих Барбароса умре 1191 година, две години подоцна и Саладин а Хенрих VI, германскиот император умре 1197 година. Последен од нив се симна од светската сцена на настаните Ричард Лавско Срце.

Сега во ненарушената тишина на Абе д'Фонтвро, каде што се покопани и други Плантаженети, лежат останките на Ричард Лавско Срце, со векови во покој, до неговиот татко. Лежечката скулптура на Ричард Лавско Срце на саркофагот чудно сега делува и со мирнотата потсетува на обичен човек и на обичен крал на секој човек. Ваквиот крај веќе не возбудува и тука не е потребна никаква имагинација.

Но возбудува сеќавањето на една убава легенда што во фантазијата го слика необичниот живот на еден необичен и исклучителен човек, еден „издвоен во десет илјади други".

*Д. Петрушевска*

## МИКЕНСКОТО ПИСМО И ГРЧКАТА МИТОЛОГИЈА

Одамна е познато дека некои имиња од грчката митологија почиваат на историска основа. Уште првите ископувања на Шлиман и Еванс покажаа дека многу од она што некогаш се сметало за сказна и поетска фантазија има врска со стварноста. Минос, Атреј, Нестор, Агамемнон, Етеокле итн. не се веќе само митски имиња. Понатамошните археолошки ископувања во Микена, Теба, Кнос, Пил итн. потврдија многу податоци коишто порано беа познати само од митови.

Може да се рече дека по дешифрирањето на линеарното B писмо и микенската епоха претставува дел од грчката историја. Микенските плочки разоткрија многу поединости од микенското општество и неговиот начин на живеење. Меѓутоа, многу работи останаа неразјаснети. Ние дури не ги знаеме ни имињата на господарите на Кнос, Пил и Микена,